Др РАСТИСЛАВ ТЕРЗИОСКИ

# ДИСКРИМИНАТОРСКИОТ ОДНОС НА БУГАРСКИОТ ОКУПАТОР ПРЕМА НАРОДНОСТИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА 1941–1944.

Во познатите обиди на бугарските фашистички власти за асимилација и трајна доминација во Македонија, меѓу другото, особено многу им пречеше заедничкиот живот на македонскиот народ, од нив наречуван бугарско население и народностите: албанци, турци, власи, евреи, срби, роми и др. наречувани со општото име инородно население.

За да го разбијат нивното единство, да ги обезличат и ликвидираат, бугарските окупаторски власти преземаа најразлични мерки на притисок.

Додека за македонскиот народ се предвидуваа релативно камуфлирани мерки – за до по пат на брза и ефикасна денационализација истиот се бугаризира, односот спрема народностите најчесто беше отворено груб, свиреп, дискриминаторски и ликвидаторски. „Националните малцинства се подложени на гадна расистичка политика, на уште поголема експлоатација и беда“ се истакнуваше во еден значаен документ на покраинскиот комитет на Комунистичката Партија на Југославија на Македонија.[1]

Веднаш по окупацијата на Македонија бугарските власти со најголема сериозност пристапија кон анализа на затекнатата положба на Македонија при што особено е обрнато внимание на бројноста, политичката и верската ориентираност на народностите како и на нивната поставеност во условите на окупацијата. Во целина е констатирано нивната антибугарска настроеност и се преземени брзи мерки за нивната физичка ликвидација или мерки со кои требаше да бидат претворени во сосем „бескрвен“, безначаен етнички фактор во Македонија.

Изложени на невиден во својата историја дискриминаторски притисок, сите тие беа лишени од сите национални и граѓански права, мал-

---

[1] *Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941–1945,* Скопје 1968, том I, кн. 1, 234, док. 50; види и стр. 17, док. 1; види и Л. Колишевски, *Аспекти на македонското прашање,* Скопје 1962, 57.

Во еден извештај на Скопскиот обласен училиштен инспектор до бугарскиот министер за просвета меѓу другото се истакнува дека во Скопската област живее разнородно население Албанци и Срби па се заклучува дека „бугарските власти ги ползуваат нивните меѓусебни непријателства за да ги држат во потчинетост, но вистината е дека и двете групи еднакво не ги сакаат Бугарите, ако и да се благонадежни сега кок нив“ (Централен државен исторически архив (ЦДИА) Софија, фонд 177, оп. 2, Н° 2164, пг. 113).

третирани, злоставувани на секој чекор, а еврејската народност подложена и на тотално физичко истребување.[2]

Командантот на Вермахтот на југоисток во еден поверлив извештај до своите надлежни од 14 јули 1941 година, за бугарската окупација во Македонија и односот на окупаторот спрема народностите во Македонија го истакнува следното: „Сите Срби населени во Македонија по 1918 година мораат да ја напуштат бугарската државна територија во рок од три дена, со Турците грубо се постапува, слободата на вероисповедувањето им се ограничува. Со Евреите се постапува спрема новите прописи кои важат во Бугарија, поради што кај малцинствата владее страв и потиштеност".[3]

Со бугарскиот злогласен „закон за заштита на државата" кој веднаш по окупацијата почна да се применува и во Македонија, Евреите беа прогласени за државни непријатели и беа потполно политички и економски ограничени.[4]

По различните спогодувања со своите германски господари бугарските власти ја покажаа својата особено голема дарежливост при отстапувањето на Евреите од Македонија. Беше донесено конечно решение за тотална депортација и ликвидација на македонските Евреи, а само делумно на Евреите од Бугарија.

Ово сурово решение, бугарските слуги на германските нацисти најбезмилосно го спроведоа во дело во месец март 1943 година кога од „новоослободените земји во Македонија" беа испратени за да не се вратат никогаш од логорите на смртта, 11.392 лица од кои само од вардарскиот дел на Македонија 7.144.[5]

Посебно се продлабочуваше омразата и исклучивоста спрема српскиот народ кого што окупаторската и националистичката пропаганда го истакнуваа како кривец за сé она што стануваше во рамките на Кралството Југославија.

---

[2] Лазар Колишевски, цит. труд, стр. 57; М. Апостолски, А. Христов, Р. Терзиоски, *Положбата на окупирана Македонија во втората светска војна 1941–1944.* „Гласник на ИНИ", Скопје 1962, год. VII, бр. 1, стр. 43; Архив на Македонија, фонд бугарска окупација, кут. 62, инв. бр. 6233 – Годишен извештај на скопското полициски управление за периодот 23. IV. – 31. XII. 1941; Историски архив Комунистичке партије Југославије, Београд 1951, том VII, 1941–1944, док. бр. 5, 20.

[3] Архив ВИИ – Београд, НАВ–Н–Т–312–454/8039480–485; *Зборник докумената и података о Народноослободилачком рату народа Југославије,* том XII, кн. 1, Београд 1973, док. бр. 222, стр. 581 и док. бр. 78, стр. 204.

[4] *Сборник на Законите и правилниците,* обнародвани в Държавен весник през 1941 година, София. Държавна печатница 1942, стр. 25 до 36.

[5] Александар Матковски, *Трагедијата на Евреите од Македонија,* Скопје 1962; види и Данчо Зографски, *Некои германски документи за Македонија 1940–1943.* Реферат за симпозиум „Развојот и карактеристиките на Народнослободителната војна и на Револуцијата во Македонија", Скопје 1973, стр. 387; види цитираниот тука документ од Архивот во БОН (PA d AA–Bon DAM F. N° 1, br. 2, F–1, N° 19/34).

Веднаш по окупацијата на Македонија бугарските власти извршиле притисок за присилно протерување на сите затечени Срби и Црногорци во Македонија. Особено грубо беа протерани селаните колонисти од овие народности, а нивната земја се раздели предимно на доселени колонисти од Бугарија и на други таканаречени национални елементи од Македонија, преку кои требаше да се врши асимилација на македонскиот народ и разбивање на неговото единство.

Според извесни податоци во текост на првите месеци на окупацијата до 1 септември под најтешки услови, од Македонија беа протерани повеке десетици илјади припадници на српската и црногорската националност. Оние Срби и Црногорци што случајно останаа непрогонети беа изложени на чести малтретирања и пљачки.

Голем е уделот на бугарските власти што на гестапо уште во 1941 година му беа предадени неколку групи, главно Срби и Црногорци од Македонија, за да бидат испратени во логорите и ликвидирани. За Србите и Црногорците како и за другите „неблагонадежни" правени се специјални списоци на чеја основа се терани во логорите. Во еден окупаторски извештај се истакнуваше: „... Некои што од тие Срби се ослободени од судот управните власти ги интернираа и Србите се веќе одведени во интернација во разни логори во границите на Стара Бугарија и тоа во оние логори во кои што режимот е строг и во кои што сите заточеници има да останат до крајот на војната".[6]

Во блокадите на градовите кои беа честа појава за време на бугарската окупација „неблагонадежните" Срби се собираа како особено сомнителни. Вршени се чести претреси и затварања на поголеми групи Срби и Црногорци во Скопје, Куманово и други места. Најчесто се затварани и како обична превентива при очекување на било какви немири. Врз база на лажни оптужби забележани се стрелања на групи селани од овие народности.[7]

---

[6] Според годишниот извештај на Обласниот полициски началник во Скопје покрај иселените 26. 451 Срби од Скопје останале за иселување уште 11.773 (АМ, кут. 62, инв. бр. 5196). На 17 септември 1941 година скопската обласна дитекција им соопштила на потчинетите органи дека германската команда за Србија (секако поради немирите во Србија настанати со востанието б. м.), привремено го забранила преселувањето за Србија. Подоцна се иселувале Срби само кои сами барале да се иселат, а во 1942 година само оние кои имале одобрение од германската команда во Белград. (А ВИИ, Ф–2, сним. 42, Ф–12, сним. 292–295; фонд – бугарски окупатор, кут. 1, рег. бр. 1/11–1 – цит. кај Б. Митровски, Скопје, во 1941 низ Бугарската управно полициска..., Скопје во НОВ 1941, Скопје 1973, стр. 321–322); Према најновите истражувања на бугарскиот научник Ване Стојанов објавени во часописот Балкански Форум, бр. 3, за 1994 г. З. Благоевград 1994 г. цифрата на прогонетите Срби и Црногорци е далеку поголема. Се наведува цифрата од 43–120 илјади."

[7] А ВИИ, Београд, НАВ–Н–Т–312–454/8039480–485; Извештај војног аташеа НДХ у Софији од 21. X 1941, о стању у Македонији..., Зборник НОР-а, Београд 1952, том VII, књ. 1. док. бр. 125, 430; (Извори за ослободителната војна..., Скопје 1968, том I,) кн. 2, док. бр. 5, 24; Исто, док. бр. 24, стр. 113; Исто, док. бр. 25. стр. 105; док. бр. 6, стр. 27; д-р Димитрије Кулиќ, Бугарска окупација 1941–1944, кн. 1, Ниш, стр. 66; Буарскиот ми-

Не сакајќи да го признае вистинскиот смисол и карактер на НОВ што го водеше македонскиот народ против окупаторите бугарскиот окупатор развиваше широка пропаганда истото да го квалификува како увезено зло раководено од комунисти непријатели на својот народ што во Македонија не може да има своја подлога и дека како такво неможе да има и да очекува никаква потпора. Можеби и најжестока инкриминација на движењето се упатуваше кога се настојуваше да се оквалификува како великосрпско, дека истото се управува од великосрпската комунистичка партија на Југославија и тн. Тргнувајќи од ваква оцена жестокостите кон Србите тие јавно ги призваваа како потреба за спокојството во Македонија.

Се истакнуваше дека борбата за создавање на било каква Југославија со вклучување на Македонија во неа значи и борба за Велика Србија, се тумачеше дека секоја Југославија може да значи само стапица да би македонските бугари постанале неотпорни према великосрпството. Оваа компонента на пропагандата ќе остане една од доминантните на окупаторот во борбата против НОБ.[8]

Се истакнуваше дека „комунистичките чети во Македонија ги сочинуваат Србите, Цинцарите, Албанците и незнатен број македонски комунисти меѓу кои има и Евреи".[9]

Со ваков пристап на своето политичко образложение бугарските судски власти ќе пристапат и на некои од познатите процеси на комунисти што беа одржани во Македонија. На нив тие нагласено истакнуваа и сакаа „да го свртат вниманието на српските комунисти" во Македонија кои меѓу младината внесуваат српска пропаганда па поради тоа со нив треба немилосрдно да се пресмета. За припадниците на оваа народност во бугарските судови се изрекуваа тешки казни а делото на македонските

---

нистер за внатрешни работи П. Габровски дотакнувајќи го во еден свој говор проблемот за потребата од конечно ликвидирање на секакви траги од српското население во Македонија меѓу другото истакнуваше: „... Во тој однос бугарската власт го исполни својот долг. Но не се сите отстранети. Условите денеска не позволуват тоа да стане радикално. Меѓутоа, тоа ниту е заборавено нити пак биле заборавило. Македонија е најздравата бугарска земја... (Целокупна Б'лгария, год. II, Скопје 1942, бр. 442, стр. 3); види АМ, фонд Бугарска окупација, арх. бр. 5169; во книгата *Прилеп и Прилепско низ историјата*, кн. II, Прилеп 1972, стр. 151, во врска со положбата на колонистите Срби за време на окупацијата се констатира дека „посебно лошо поминаа доселениците кои мораа на брза рака да го распродадат својот подениженимот. Оние што останаа во следните месеци и за цело време на окупацијата беа први на удар на бесните налети на окупаторот. Во малото доселеничко село Милошево на падините на Крушево во ноември 1942 година одеднаш беа стрелани сита мажи и машки деца".

[8] М. Апостолски, А. Христов, Р. Терзиоски. цит. труд стр. 64, *Положај окупиране Македоније у Другом светском рату (1941–1944)* ЈИЧ, бр. 3, стр. 64, Београд 1963 г.

[9] Боро Митровски... *Бугарската војска во Југославија 1941–1945*, Београд 1971, стр. 81–83.

комунисти и нивното учеството против окупаторот се квалификуваше како акт на предавство на интересите на сопствениот народ.[10]

Покрај прогоните од ваков вид бугарскиот окупатор поведе и силна и строга антисрпска пропаганда обидувајќи се да ги уништи и сите следи на српско културно влијание во Македонија од минатото. Со посебна педантност бришени се и уништувани сите написи во манастирите и црквите, се забрануваше чување и читање на секаков вид српска литература: српските книги затечени во Македонија се спалувани на јавни места и тн.[11] Познатата колаболаристичка група во Македонија – Гузелов, Чкатров кој целосно се ставија во услуга на бугарскиот окупатор излагајќи ги своите идејни погледи за стабилизација на бугарската власт на Македонија меѓу другото захтеваше: „да се истераат од Македонија сите доселени Срби и други непријателски елементи".[12] Постои јасен дискриминаторски однос и спрема влашкото население во Македонија. Беа донесени строги мерки со кои се забранува слободно говорење на влашки јазик. Се забрануваше крштевање на новородените деца со влашких имиња, а оние што веке имале влашки имиња биле прекрстувани со бугарски.[13]

Насилстворо и прогонувањето на бугарските окупаторски власти во Македонија, особено силно тежеше и врз народностите од муслиманската припадност. Турците и Албанците. Војниот аташе на таканаречената независна држава Хрватска во Софија во еден свој извештај од 21. X. 1941 година го известуваше своето министерство во Загреб за состојбата во Македонија и во тој ред за положбата на народностите истакнувајќи го меѓу другото следното: „Особено разочарување владее меѓу младите интелектуалци ... арнаутите се исто така мошне незадоволни со новиот господар и тагуваат за минатото".[14] Во еден извештај на германската команда за овој дел на Балканот од 17. XI. 1941 год. за состојбата на народноослободителното движење во навдините делови на Југославија доследно се вели: „... Кај македонските муслимани од различните подрачја на Македонија постојат изјаснувања дека денешните прилики се многу полоши отколку што биле во стара Југославија. Дури и старите господари и покрај сите свои мани попристојно се однесувале од новите господари.[15]

[10] Види поопширно А. Христов, Скопскиот партизански одред во полициско судските документи на окупаторот. Скопје во НОВ 1941, Скопје 1973. г., стр. 340–344.

[11] Растислав Терзиоски, *Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни институции во Македонија,* Скопје 1974, стр. 189–196, 207 и други; види и Целокупна Б'лгария, Скопие 1942, од 3. X., стр. 3.

[12] Миле Тодоровски, *ПО и НОВ во Македонија,* ... стр. 147.

[13] Реконструкција на партиската организација за град Крушево, ИНИ Скопје, документација; изјава дадена на авторот, види и: АМ Скопје, фонд бугарска окупација, кут. 62, инв. бр. 6248 од 30. VII. 1941; види и док. од 4. IX. во истата кутија.

[14] *Зборник докумената и података НОР-а Југославије,* том VII, кн. 1, стр. 430, Београд 1952.

[15] *Зборник докумената и података о НОР-у народа Југославије,* том. XII, кн. 1, Београд 1973, стр. 794, док. бр. 282.

Според еден друг извештај од октомври 1942 година „бугарските власти во окупирана Македонија, нарочно лошо постапуваат со турското население со цел да го присилат на емиграција, како би се изменил етничкиот карактер на населението во овие краишта.[16]

Мерките против албанското население беа заострувани уште повеќе и поради познатиот, за цело време на окупацијата нерешен граничен спор во окупирана Македонија помеѓу Италија и Бугарија во која Италија ја ползуваше албанската народност како елемент на притисок, а бугарските власти, наводен заштитник на македонското население, го тероризираа албанското.

Според извештајот на една германска воена команда која долго ја испитувала положбата на албанското население доставен до командантот на Вермахтот за Југоисток. „На подрачјето Качаник–Скопје живееле 250.000 албанци кои немале никакви права во јавниот живот на Бугарија".[17]

Следните неколку примери само делумно ја илустрираат зверската огорченост што бугарските окупатори ја применуваат спрема припадниците на муслиманското население.

Знаејќи ја активноста на Комунистичката партија на Југославија меѓу муслиманскиот свет бугарскиот окупатор уште во првите денови на окупацијата особено брутално се нафрли против нив, така веднеш по окупацијата на Скопје беше ликвидиран комунистот Алија Авдовиќ познат революционер и робијаш од пред војната во Сремска Митровица. Истовремено на сите страни се трагаше за Ферит Бајрами ветеранот на комунистичката партија на Југославија, најстар комунист, учесник ва Вуковарскиот конгрес на Комунистичката партија на Југославија.[18]

Веднаш со окупацијата според сојузничкиот бугарско германски договор требаше да се вратат од заробеништво сите Македонци. При тоа многу од Македонците се исклучуваа од таа привилегија.[19]

Припадниците на муслиманското население Турци и Албанци речиси исклучиво не беа удостоени да служат во бугарската армија и

[16] А ВИИ-Београд, материјали краљевске емигрантске владе, кут. 244, ф. 11. док. 14; види и Извори за ослободителната ...; Скопје 1968, том I, кн. 1, стр. 290. Посланството на НДХ во Софија во еден „многу поверлив" извештај известуваше дека „една група германски новинари се вратил од патот по Македонија. Впечатонот е таков да на германските новинари нарочно паднало в очи дека постапката на бугарските власти со тамошните Турци не е онака добра како би тоа германците сакале имајки го предвид нивкиот политичкиот однос спрема Турција". (Посланство независне државе Хрватске, Софија, тједни политички извештај бр. XXVII од 27 јуни 1942).

[17] Боро Митровски, реферат за симпозиумот „Слободните територии во западна Македонија 1943", Дебар 1974.

[18] Ќемал Сејфула. *Учесшвошо на народносниШе и ешничкиШе ӷруйи во Скойје во НОВ, 1941–42. ӷ.* „Скопје во НОВ 1942", Скопје 1975, стр. 137–138.

[19] Посланството на независна држава Хрватска во еден свој поверлив извештај истакнува дека помаците од краевите на бивша Југославија т.е. од Македонија приговарает дека бугарската влада не се зазема за нивните заробеници. Извештај бр. XXX/X од 19. IX 1942, стр. 8.

беа собирани во таканаречените трудови дружини. Во нив тие беа изложени на логорски услови за живеење, работеа фактички како интернирци, под контролета на најзакораеените фашистички офицери.

На нив легнаа најтешките работи при изградбата при патишта, мостови, тунели и слични воени и цивилни објекти. Нормата за работа поставувана за нив била најчесто невозможно висока, казните за несвршената работа невозможно тешки и тн.

Муслиманското население беше подложувано и на најгруба и чудовишна економска експлоатација, шиканирани во тој поглед тие како да немаа никаква законска заштита. Со исклучок на поединци соработници на окупаторот беа исклучени од секое вработување, добиваа помалку дажби и од оние минимални количини пропишани со окупаторските закони.

Селаните од редовите на народностите беа навистина препуштени на милост и немилост на селските кметски наместници и тн.: се вршеа најразлични шиканирања на нивните религиозни симболи: симнување и кинење на фесовите и кечињата: симнување по улиците зарот и ферецето на жените Турчинки и Албанки; најгрди пцовки упатувани против нивната религија на јавни места и тн.[20]

Физичкозо малтретирање на муслиманското население на јавни места и без особен повод станувaa обична појава насекаде во Македонија каде живееше вакво население.[21] Поради сето тоа „... кај малцинствата владее потиштеност и страхување се истакнуваше во еден германски документ".[22]

Бугарските власти ваквите постапки ги чинеле неретко и јавно пред насобраното македонско население најчесто на некој селски, верски празници и сл. заплашувајќи ги пред се со тоа присутните. Во такви случаи тие се обидуваа да се послужат и со демагогија пред македонското население, да го убедуваат македонскиот човек дека тоа го прават и во нивен интерес. Најбезобзирно коментираа пред нив дека на тој начин само се реваншираат во името на месното христијанско население за пет-

[20] Ќемал Сејфула, цит. статија стр. 137–138. Во статијата на д-р Атон Колендиќ под наслов „Услови и тек и значење на НОБ во Скопје" се истакнува дека према Турците се преземени посебни мерки на шиканирање. Во Скопје на пример на Камениот мост беа поставувани агентско-полициски групи кои ги пречекуваа турците и им ги фрлаа фесовите во Вардар. Отвореното гонење на турците предизвика дури и директна политичка интервенција на турскиот амбасадор во Софија (*Скопје во НОВ 1941*, Скопје 1973, стр. 147).

[21] *Зборник НОР-а,* Београд 1952, том VII, кн. 2, док. бр. 60, стр. 139. ЦДИА, фонд 177, оп. 2, бр. 1866, паг. 70; д-р Манол Пандевски, Ѓорѓи Стоев-Трнката, *Струмица и Струмичко низ историјата,* Струмица 1969, стр. 406–407; *Извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија,* том I, кн. 1, стр. 290, Скопје 1968; види и мемоарска граѓа во ИНИ, Скопје-под наслов „Малцинствата за време на окупацијата". Д. Стојчески, *Дабничкото клање. Сим. Прилеп* 1941/42,стр. 5.

[22] НАВ–Н–Т–312, Ф. 454/8039480–485 – Командант Вермахта на Југоистоку (Команди 12-те армије, пов. бр. 5651/41, пов. извештај о ситуацији Срба, Хрвата и Словенаца).

вековното турско ропство, дека со таквиот однос ја задоволуваат божемската оправдана и неизживеана потреба на како тие истакнуваа бугарското население од Македонија за одмазда.[23]

Изложени на така жесток дискриминаторски притисок, муслиманското население и особено оние од албанските села покрај демаркационата линија во Западна Македонија емигрираа на територијата под италијанска окупација, каде што наоѓајќи се без земја и без занает се одаваа на разбојништво и ограбување а од 1943 г. ја преставуваа основна сила на платените балистички единици за борба против НОБ и НОВ во Македонија.[24]

Расположивата документација дава можност нешто повеќе да се задржиме на дискриминаторскиот однос на бугарските окупаторски власти кон народностите во Македонија врз планот на школската, културната и верската пропаганда. Додека за потребите за предвидената брза и ефикасна денационализација на македонскиот народ во окупирана Македонија беше создадена широка мрежа на културно-просветни институции, на народностите им се одземаше секое право на слободен и културен и просветен развиток. Школувањето на децата од народностите во Македонија беше на најразличен начин оневозможувано. За нив ве беа отворани нови училишта, а се затворани дури и оние недоволен број затекнати од кралството Југославија.[25] Врз основа на законот за заштита на државата и другите специјални антиеврејски закони уште во првата учебна година 1941/1942 бугарските училишни власти најстрого предупредуваа да не се запишуваат деца од еврејско потекло, или во најдобар случај да запишат минимален строго определен процент кој не смеел да биде поголем од 2% од вкупниот број на запишаните ученици во училиштето. Притоа запишаните ученици Евреи не смееле да се третираат како рамноправни со другите. Им се забранувало дружење со другите ученици, да учествуваат во разните јавни настапи и манифестации. Овој дискриминаторски однос спрема еврејските ученици озаконат со антиеврејските закони се разгоруваше уште повеќе и побезобзирно во дневниот и периодичниот печат на фашистичка Бугарија. Како резултат на вакви и слични притисоци неможеше да важи дури и онака ограничува-

[23] Сеќавања дадени на авторот.

[24] 25 години живот и развиток на народностите во СРМ, Скопје 1972; (Масар Кодра, Албанската народност Македоније у НОП-у, докторска дисертација – ракопис, Скопје 1973, стр. 57).

Дискриминаторскиот став на бугарските власти спрема народностите, особено албанската народност во Македонија сакале да го користат италијанските окупатори кои на таа линија вршат притисок за поместување на демаркационата линија во своја корист. (Види извештај на германскиот конзулат во Скопје од 27 ноември 1941 година до Министерството за надворешни работи на Рајхот за италијанската пропаганда, за припојување делови на Македонија на Голема Албанија – Zbornik dokumenata i podataka..., tom XII, kn. 1, dok. br. 62, str. 251 i str. 676 do 677, Beograd 1973).

[25] Растислав Терзиоски, цит. труд, стр. 34–35.

ната формална слобода пропишана со законите за школување на еврејските деца.[26]

Подоцна како што е познато во 1943 година заедно со своите родители и учениците Евреи од Македонија се ликвидирани во логорите на смртта.

Виден е исто така, дискриминаторскиот однос спрема децата од албанска и турска народност, „ни во едно инородно селиште во скопска област не е отворено училиште" се вели во еден официјален извештај на бугарските училишни власти за 1941/42 година. Доколку се задржани некои албански или турки училишта по селата во окупирана Македонија, тие имале верски карактер и се одржувале на приватна иницијатива на населението, а под постојана контрола на властите. Официјално се бараше иницијативата за отварање на такви училишта во никој случај да не се извледува од страна на властите. „Ако случајно се наложи да отвориме такви се истакнуваше во еден документ на бугарските просветни власти, најцелисходно ќе биде наставата во нив да се организира и спроведува колку е можно попримитивно и поанемично.[27]

Според статистичките податоци на бугарските власти за учебната години од 1941 до 1944 во Македонија, процентот на учениците од албанската и турска народност во основните училишта беше 2% а во осмолетките само нешто повеќе од 1%. Тоа е во пракса помал процент дури и од оној што во антиеврејските закони се одобруваше за упис на еврејски ученици.

Застапеноста на децата од албанската и турската народност во другите видови училишта бил уште помал. Изрично се забранувало во ниедно специјализирано училиште да не се примаат деца од таканареченото инородно потекло. Во еден извештај до бугарското министерство за просвета во врска со тоа се истакнуваше: „Сите запишани ученици во Музичката академија во Скопје се бугари и имаат бугарско поданство. Јавените за запишување кандидати од српско, цинцарско и албанско потекло и други беа отстранети своевремено".[28]

Највисоките бугарски просветни власти со задоволство констатирале дека во сите години на окупацијата училиштата во Македонија тукуречи останале без деца од „инородно потекло и дека ќе биде корисно и потребно таквата состојба и понатаму да се одржува.[29]

---

[26] Александар Матковски, цит, труд, стр. 53; д-р Милош Константинов, Битолски Евреи, Прилози – Битола, 1960, бр. 1, стр. 22; Околиски архив Битола, фонд – средишно училиште – с. Буково. Окружни 1941–1942, писмо бр. 610 од 10. II 1943; Окружно на Министерството на народната просвета бр. 7374 од 6. VII 1943; Педагошко единство – София, 20. XI. 1942.

[27] Доклад на Обласниот училиштен инспектор во Скопската област, ЦДИА, ф. 177, оп. 2, бр. 2164; Околиски историски архив, Т. Велес – Материјали од окупацијата, писмо од 2. III. 1943.

[28] ЦДИА, Софија, ф. 177, оп. 2, бр. 1572, писмо бр. 66 од 14. VII 1943.

[29] ЦДИА, Софија, ф. 177, оп. 2, бр. 1603, Извештај до Министерството на просветата бр. 3679 од 15. VIII 1943.

Како резултат на таквата дискриминаторска политика на бугарските власти кон народностите во Македонија повеќе десетици илјади деца во текот на 1941 до 1944 година останаа надвор од школите.[30]

Бугарските окупаторски власти гледаа со недоверба и ги третираше како непожелни и сите конфесии надвор од православната на кои воглавно припаѓа поголемиот дел од народностите во Македонија. Се сметаше дека со вакви „превентивни мерки на полето на религијата благовремено ќе се расчистува патот за утрешното „оправдано“ барање на правото над окупираните области во Македонија“.

Сите таканаречени туѓинци – свештеници и учители: Срби, Власи и др. затекнати во Македонија биле непожелни за соответна служба. Во еден официјален бугарски документ стои: „За нивото назначување воопшто не треба да се размислува. Србите се најнепогодни, а од Власите да се назначи евентуално оној што почнал да се бугаризира“.[31]

И ако припаѓале на државната православна вера свештениците Срби и Руси, најчесто само што се по национално потекло такви без посебни причини се отстранувани од служба, казнувани, прогонувани на секој чекор, интернирани, а некои од нив и убивани. „Доволно е што тие не се бугари за да како такви преставуваат постојана опасност за државата се истакнува во еден бугарски документ“.[32]

Најмногубројната конфесија на турската и албанската народност беше официјално призната макар што во практика беше ограничувана во својата работа. Нејзините повисоки раководители бугарскиот окупатор ги придобиваше со најразлични привилегии, додека пониските верски службеници без држани под строга контрола, па и подложени на гонење.[33]

Бугарската црква особено беше заинтересирана за уништување на унијатството и протестанството во Македонија. Таа настојуваше сите унијати да ги потчини под своја јурисдикција. Во еден документ се истакнува дека е „крајно штетно за единството на бугарскиот народ ширењето на разни религиозни пропаганди како што е унијатството и протенстанство-

Во едно писмо од управата на новоотворената музичка гимназија од Скопје испратено до Министерот на просветата во Софија во кое се известува за бројот на запишаните ученици за насоките на работата на школото и другите подробности меѓу другото се истакнува: „... Сите запишани ученици се Бугари и имаат бугарско потекло. Јавените уште во почетокот на уписот многу кандидати за ученици на музикалната гимназија Срби, Цинцари, со италијанско или албанско поданство беа отстранети своевремено“, ЦДИА, ф. 177, оп. 2, бр. 1572, писмо бр. 65, од 14. VII. 1943.

[30] Д-р Растислав Терзиоски, цит. труд, стр. 35.

[31] Извештај до бугарското Министерство за народна просвета од летото 1941, ЦДИА, ф. 177, оп. 2, бр. 264, ф. 177, оп. 2, бр. 1327, пг. 105.

[32] Д-р Растислав Терзиоски, *Бугарската православна црква во окупирана Македонија во 1941–1944,* „Гласник на ИНИ“, Скопје 1965, г. IX, бр. 2, стр. 47.

[33] *Исто.*

то, особено на територијата на Македонија и како такви треба навреме да се спречат".[34]

Постојано се размислувало какви се мерки треба да се предвидат за нивното ликвидирање. Отпочна гонење на припадниците на овие конфесии, а посебно на нивните свештеници.

Со оглед на својата надворешна политика и контролата на Ватикан, бугарската фашистичка влада не можеше да има отворен непријателски став спрема католичката црква во Бугарија воопшто. Меѓутоа, кога се работаше за влијанието на католичката црква во окупираните делови на Македонија, истата најдуваше за потребно без одлагање да го спречува тоа.

Известувајќи за таквата положба на католичката црква во Македонија нејзиниот поглавар во Скопје во есента 1941 година известуваше: „Нашиот прв впечаток за практичниот однос на бугарските власти према католичката црква беше неповолен. Ние уживаме лична слобода и внатрешна слобода на култот, али на никакви бенефиции или на никаква предусретливост на бугарските власти не можеме да сметаме. Правно католичката црква во Бугарија се наоѓа од прилика во онаа положба во која се наоѓа православната црква во Хрватска... Во последно време се множат докази дека локалните бугарски власти во Македонија не мислат да ги остават на мир ниту власничките права на католичката црква".[35]

Еврејската религиозна заедница во Македонија најтешко ја почувствува бугарската окупација. Се до полната физичка ликвидација на Евреите не наоѓаме никакви траги за нивната слободна религиозна активност.[36]

Ромското малцинство во Македонија чии поголем дел припаѓаше на муслиманската вера беше во слична положба како и еврејското со таа разлика што по некоја случајност успејаа да го избегнат физичкото уништување, што инаку беше зацртано во плановите на окупаторот.[37]

Со развојот на народноослободителното движење во Македонија бугарската фашистичка влада се повеќе го зајакнува теророт и насилството во окупираните подрачја. Во тие рамки растеше и дискриминаторскиот притисок над народностите.

Иако точно је знаее вистината за сенародното движење во Македонија бугарските окупатори од разбирливи причини сакаа истото да го прикажат не како сеопшто движење на македонскиот народ туку само како движење поттикнувано од туѓите пропаганди и туѓите елементи во Македонија (Србите, Власите и тн.). Македонските партизани долго ги

---

[34] *Исто.*

[35] РО, F. 2, 1941, материјали од СИП – Белград од фондот НДХ – фотокопија во ИНИ Скопје.

[36] Д-р Растислав Терзиоски, *Бугарската православна црква во окупираната Македонија...*, стр. 68

[37] *Исто.* с. 70.

наречуваа српски или грчки комити подржувани од странските пропаганди и дека само „тие го нарушуваат мирот на здравите бугарски сили во Македонија и заради тоа ја заслужуваат и најтешката казна“.[38]

Во таквата братоубиствена усмереност особено се сака да се заостри националната омраза против српскиот народ. Најстрого се следи и се прогонува секаква Југословенска мисла и помисла во што се бара и наоѓа подршка кај своите надворешни сојузници. Така наречената Независна Држава Хрватска међу првите ќе ја прифати и признае бугарската окупација на Македонија и повикувјуќи се на старото анти српско пријателство ја подгрејува изразената заедничка тежња, во новата Хитлерова Европа, да им се дотакнат државните граници за сметка на Србија некаде на Дрина.

Бугарската влада го славеше Анте Павелиќ и посебно неговиот анти српски режим, на што тој возвраќаше со иста мерка. Водачот на фашистичкото крило на ВМРО Иван Михајлов за цело време на војната под заштита на Анте Павелиќ живееше во Загреб и во стилот на својот домаќин прави планови за жестока пресметка со секој траг на Југословенска мисла во Македонија.[39]

Водечките сили на НОВ на Македонија, во условите на окупацијата јасно и навреме ја уочија таквата крвава и погана игра на бугарскиот фашистички окупатор и на таа основа ги извлекуваше нужните заклучоци. Низ конкретни акции од првите денови на окупацијата се бореше за нејзиното расветлување и оневозможување. Со јакнењето на братството и единството се спречуваше братоубиствената војна што за окупаторот стана поразувачко сознание и еден од основните фактори за својот тотален пораз.

Бројни сочувани документи укажуваат на фактот дека наспроти потикнуваната омраза на окупаторот кај македонското население на реванш и зла крв спрема народностите – неговите соседи, тоа со ретки исклучоци остануваше на страната на прогонетите, нивната трагедија ја доживуваше како своја, се солидарисуваше со нив, ги подржуваше и ги помагаше во најтешките мигови. Соочен со многуте такви неочекувани

[38] *Извори за ослободителната војна* ..., Скопје 1968, том I, кн. 1, док. бр. 10, стр. 53; Лазар Колишевски, цит. труд, стр. 327.

[39] Види по широко: Izdao državni i izveštajni zavodi promidžbeni ured u Zagrebu; Hrvatska, 10. IV 1941 – 10. IV 1942. Vanjska politika Nezavisne države Hrvatske. Spomen knjiga prve obljetnice; Владо Стругар, Систем бугарске окупације у југословенским областима 1941–1944 године; Југословенско-Бугарски односи у XX веку / Зборник радова, књ. I, стр. 280. Београд, 1980; Мирослав Стоиљковић. Бугарска као савезник... Рукопис,.. стр. 97. На оваа тема бугарскиот дневен лист „Целокупна Б/лгария“ Скопие 1941/44 година донесува повеќе десетици наслови; Списание Илустрация „Илинден, год. XV, кн. 3/143/, София, март, 1943, стр. 10; Исто, г. XIV, кн. 3/133/, София, 1942, стр. 1–7; Растислав Терзиоски „Окупацијата на Македонија... /1941–1944/, Ракопис, ИНИ–Скопје, стр. 202–241.

призори бугарскиот окупатор останувашe збунет, недоволен, шокиран.[40] Огромен е исто така бројот на документи на партиски и други форуми на НОБ на Македонија во кои што се уочуваат се осудуваат злосторствата на бугарскиот окупатор спрема националните малцинства во Македонија и се повикуваат истите во заедничка борба со македонскиот народ, во рамките на општо Југословенскиот и поширокиот антифашистички отпор во Втората светска војна.[41]

RASTISLAV TERZIOSKI

## DISCRIMINATION ON THE PART OF THE BULGARIAN INVADERS AGAINST THE MACEDONIAN PEOPLE

*Summary*

Bulgarian authorities in occupied Macedonia (1941–1944) strove to make an old nationalistic dream come true by attempting to denationalize the Macedonians, whom they referred to as Bulgarians.

Having judged that ethnic minorities in Macedonia might stand in the way of their scheme, the Bulgarians promptly initiated their destruction.

In the first months of the occupation, all the Serbs and Montenegrins in Macedonia were persecuted, and in 1943 all Macedonian Jews were liquidated. The others, Albanians, Turks, Vlachs and Gypsies were declared to be second-rate citizens.

The Communist Party of Macedonia, as the driving force of the struggle for national liberation and the revolution in Macedonia, warned against the Bulgarian danger from the beginning of the war and called the population to join them in fighting the common foe.

[40] Кирил Миљовски, *Особеностите на револуцијата од 1941–1944. Ослободителната војна и револуција во Македонија.* Скопје, 1973, стр. 15. Славка Фиданова. *Некои форми на отпор...* „Прилеп и Прилепско во НОВ 1941", Скопје 1976, стр. 140; Вера Ацева, *Партиската организација во Прилеп... 1941 година.* Прилеп и Прилепско во НОВ 1941, Скопје, 1976, стр. 41.; Ристо Бајалски, *Активноста на МК...во Гевгелиско,* „Гевгелија и Гевгелиско во НОВ, 1941 година", – Гевгелија, 1974, стр. 174; Војо Ристић, *Сећавања на предвечерието и првите денови на окупацијата 1941 година во Гевгелија.* „Гевгелија и Гевгелиско во НОВ", Гевгелија 1979, стр. 114; Филимена Михајловска... *Населението во Кумановско...* Куманово и Кумановско во НОВ 1941 година, Куманово 1979, стр. 246–247; Миле Тодоровски, *Кочани и Кочанско во НОВ 1941–1945*, Кочани 1985, стр. 196.

[41] *Извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија,* Скопје 1968, том I, кн. 1, стр. 15, 17, 36, 50, 107, 121, 151, 228, 249; Исто, Извори, т, кн. 2, стр. 130, 152, 212, 254; Исто, Извори, Скопје 1970, том I, кн. 3, стр. 17, 44, 230.; Историјски архив КПЈ, Београд 1951, том VII, стр. 249; Зборник НОР, Београд 1954, том VII, кн. 3, док. бр. 22, 67, 33, 74, 106, 217; Зборник на документи АСНОМ 1944–1964, Скопје 1964, стр. 72, 264, 285.